# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 70 став 2 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## за методологијата за утврдување нето-должник на банка
## („Службен весник на РМ“ бр.134 /2007)

1. Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување нето-должник на банка.

2. Под нето-должник, според оваа Одлука, се подразбира физичко лице чии просечни обврски кон банката се поголеми од неговите просечни побарувања и вложувања од/во банката, и/или физичко лице кое е претставник во Надзорниот одбор на банката, или на кој било начин е поврзано со правно лице кон кое нето-изложеноста на банката е поголема од 1% од нејзините сопствени средства.

При утврдувањето на нето-должникот и на нето-изложеноста се земаат предвид и побарувањата, обврските и вложувањата од/во лицата поврзани со физичкото, односно со правното лице од став 1 од оваа точка.

Поврзаноста од став 1 и 2 од оваа точка се утврдува согласно со Законот за банките и со соодветниот подзаконски акт.

3. Нето-изложеност на банката кон правно лице, според точка 2 од оваа Одлука, постои кога просечните побарувања и вложувања на банката од/во правното лице се поголеми од просечните обврски на банката кон тоа правно лице, вклучително и вложените средства во сопствените средства на банката.

4. При утврдувањето на обврските, побарувањата и вложувањата заради утврдувањето на нето-должникот и на нето-изложеноста, согласно со точките 2 и 3 од оваа Одлука, се земаат предвид сите билансни ставки на банката кои се однесуваат на тоа физичко или правно лице, како и вонбилансните побарувања на банката од тоа лице, евидентирани согласно со точка 27 од Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките.

По исклучок на точка 4 од оваа Одлука, при утврдувањето на нето-должникот и на нето-изложеноста, според оваа Одлука, не се вклучуваат билансните ставки, кои се однесуваат на вложувањата во хартии од вредност издадени од страна на државата.

5. Просечните обврски и побарувања на банката, вклучително и вложувањата на/во банката, се добиваат така што збирот на состојбата на обврските, побарувањата и вложувањата на крајот на секој месец во текот на претходните дванаесет месеци, се дели со дванаесет.

Банката може да ги утврдува просечните обврски, побарувања и вложувања и врз основа на просекот од дневната состојба на овие ставки во текот на една година.

6. Банката е должна да ја утврди листата на нето-должниците од лицата кои имаат обврски кон банката, пред одржувањето на редовното собрание на акционерите или на вонредното собрание на кое се разгледува таа листа.

По исклучок на став 1 од оваа точка, банката не е должна во листата на нето-должници да вклучи физичко лице чии просечни обврски кон банката, вклучувајќи ги и обврските на физичките лица поврзани со него, не надминуваат 1.000.000 денари.

7. Банката е должна да ја достави листата на нето-должници од точка 6 од оваа Одлука, со состојба на 31 декември, до Народната банка на Република Македонија во рок од пет работни дена по одржувањето на годишното собрание на акционери.

8. Со состојба на 30 јуни, банката е должна да ја примени Методологијата за утврдување нето-должник, дефинирана со оваа Одлука, во однос на членовите на надзорниот одбор и добиените резултати да ги достави до Народната банка на Република Македонија најдоцна до 15 август во таа година.

9. Сè што е определено со оваа Одлука важи и за штедилниците, со исклучок на став 2 од точка 6.

10. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

11. Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за методологијата за утврдување нето-должник на банка („Службен весник на РМ“ бр. 41/2006).

**Обр. 02-15/X-2/2007**
**31.10.2007 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**Гувернер**
**Претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**